Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

**До:**

**г. Димитар Ковачевски, Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**г. Љупчо Николовски, Министер за земјоделие, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија**

**г-ѓа Каја Шукова, Министер за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија**

**Амбасадор г. Дејвир Гир, Делегација на Европската Унија во Република Северна Македонија**

**Предмет: Отворено писмо за повлекување на Законот за ловство и дивеч**

**Датум 26.12.2023 година**

Почитувани,

Ви пишуваме за да ја изразиме нашата загриженост во врска со новиот Закон за ловство и дивеч кој Собранието на Република Северна Македонија го донесе во скратена постапка на 12 декември 2023 година. Законот е донесен без јавна дебата и без какво било образложение за потребата од нов Закон за ловство и дивеч.

Со Законот за ловство и дивеч се воведува политика на управување и користење на дивечот, која не зема предвид дека дивечот е општо добро и ужива посебна заштита согласно Уставот на РСМ, на начин и под услови уредени со Законот за заштита на природа. Со новите измени, Законот за ловство и дивеч овозможува одгледување, ловење, заштита и користење на дивечот за стопански цели, со што се губи неговиот статус на општо добро и се третира исклучиво како економски ресурс и во функција на развој на ловството и ловечки туризам кој за возврат придонесува кон загрозеноста и исчезнувањето на дивите видови. Во уредување на оваа дејност неопходно е почитување на уставната и законската рамка за зачувување на биолошката разновидност.

Поради неговата неусогласеност со Уставот, бараме од Владата на РСМ и надлежните министерства да го повлечат Законот за ловство и дивеч и да подготват измени во координација со сите засегнати чинители и јавноста.

Во продолжение на ова писмо, Ви доставуваме образложенија за спорните решенија во Законот за ловство и дивеч и очекуваме одговор и реакција дека истите ќе бидат разгледани:

## 1. Законот за ловство и дивеч е противуставен

Новиот Закон за ловство и дивеч е противуставен поради начинот како го регулира користењето на добра од општ интерес. Според Уставот на РСМ, дивечот е во државна сопственост и има статус на **добро од општ интерес кое ужива посебна заштита.** Член 3 став 3 од Законот за ловство и дивеч прави исклучок од уставната норма и предвидува дека „дивечот кој се наоѓа во ограден простор за одгледување, размножување и заштита на дивечот (размножувалиште), ограден простор за интензивно одгледување и застрел на дивечот (оградено ловиште), полигоните за лов на дивеч и фармите за дивеч можат да бидат во сопственост на правни и физички лица кои поседуваат соодветна документација…“. Со овој член се воведува процес на „приватизација“ на користењето и заштитата на дивечот, односно како добро од општ интерес тоа го губи својот уставен статус и станува економски ресурс во функција на ловството како стопанска дејност.

Законот за концесии и јавно приватно партнерство предвидува доделување на концесии за користење на добра од општ интерес како што е дивечот и наметнува обврски на концесионерите за негова заштита. Наместо тоа, Законот за ловство и дивеч го регулира користењето на дивечот преку склучување на договор со корисници на ловишта врз основа на јавен повик.

## 2. Законот за дивеч и ловство е во спротивност со Законот за заштита на природата

Новиот Закон за ловство и дивеч во членот 32 предвидува формирање на ловишта со посебна намена на територијата на националните паркови со цел одгледување, ловење, заштита и користење на дивечот. Во членот 33 се утврдува дека површината од овие ловишта не може да биде помала од 1000 ха, што во случаите со НП Галичица и НП Пелистер претставува околу 5% од територијата на националниот парк. Управувањето со овие ловишта, Владата на РСМ по предлог на МЗШВ преку јавен повик и договор ќе го додели на правни лица кои вршат дејност од јавен интерес од областа на шумарството, ловството или заштитата на животната средина, како и на установи за наставно-научни цели. Оттука, нејасно е како новиот Закон за ловство и дивеч ќе обезбеди зачувување и опстанок на дивечот, ако во управувањето со овие ловишта се исклучени националните паркови, кои вршат дејност од јавен интерес- заштита на природата и се надлежни да ја одржуваат природната рамнотежа на екосистемите и да обезбедат трајна заштита на дивите видови на нивната територија.

Во член 6 став 2 од Законот за ловство и дивеч се предвидува внесување и користење на алохтони видови, а во член 7 став 3 се воведува реинтродукцијата што е веќе уредено со Законот за заштита на природата. Потребно е дополнително усогласување на двата закони и на надлежностите на двете министерства врз овие активности.

Во член 31 став 3 се предвидени ловишта во национални паркови, што е во спротивност со нивниот статус и намена дефиниран во Законот за заштита на

природата. Со оглед на тоа дека намената на националните паркови е заштита на еколошките процеси, како и на видовите и екосистемските карактеристики комплементарни на подрачјето, ловишта на нивните површини е несоодветно и не треба да биде дозволено.

3. **Законот за ловство и дивеч не ги решава заканите од ловство како дејност**

Стратегијата за заштита на природата и Стратегијата за биолошката разновидност на МЖСПП истакнуваат дека криволовот е причина за намалување на популациите на повеќе видови, директниот отстрел ја намалува бројноста на природниот плен на балканскиот рис, а нелегалното користење на отровни мамки е причина за исчезнување на неколку заштитени видови.

Во член 8 од Законот за ловство и дивеч е предвидено дека Владата по предлог на МЗШВ прогласува репроцентри со цел размножување, одгледување и заштита на одделни видови дивеч и збогатување на ловиштата со редок или проретчен дивеч, што во заштитените подрачја може да ја наруши природната рамнотежа и загуба на едни екосистеми на сметка на други.

Законот за ловство и дивеч не е усогласен со плановите за управување на националните паркови кои воведуваат забрана за лов и посебните планови со мерки за заштита од вознемирување, намалување на популациите, па дури и исчезнување на видовите поради закана од незаконски лов на диви животни.

Во моментов, сите планови за управување на националните паркови Шар Планина, Пелистер и Галичица имаат забрана за лов на нивната територија.

Законот за ловство и дивеч, воопшто не ги зема предвид другите категории на заштитени подрачја.

Во член 19 став 2 од Законот за ловство и дивече предвидено дека Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да даде одобрение на органот за внатрешни работи за застрел на дивеч/диво животно во случаите кога тоа ќе се најде во урбана или друга населена средина и предизвикува или претставува опасност по животот, безбедноста и здравјето на луѓето. Надлежноста на МЖСПП и управителите на заштитените подрачја се занемарува во оваа постапка што е неоправдано. Дополнително се создава ризик за застрел на заштитени видови, значајни видови и видови со трајна забрана за лов.

Во член 34 од Законот за ловство и дивеч се воведуваат фарми за дивеч како неловна површина на ловиштата. Ова не соодветствува со суштината на ловството како дејност која е уредена со Законот за ловство и дивеч, етичките причини (чување на единки од диви видови заради производство на месо) и можноста да бидат злоупотребени за легализирање на нелегално стекнат дивеч.

4. **Законот за ловство и дивеч е донесен без соодветно учество на јавноста**

Во 2021 година, граѓанските организации од областа на заштита на животната средина побараа од МЗШВ да бидат вклучени во работната група за изработка на овој Закон, но беа одбиени. Законот беше поставен на ЕНЕР и за него беа доставени коментари од страна на стручната фела и граѓанскиот сектор. За жал на коментарите не беше одговорено и тие не беа земени предвид во новата верзија од Законот. Дополнително, јавната расправа во 2021 година беше одржана во затворен круг, без присуство на пошироката јавност и граѓанскиот сектор, на што истиот остро реагираше. Поради нетранспарентниот процес на изготвување на Законот за ловство и дивеч сметаме дека има можност за злоупотреба на постапката за усогласување со законодавството на ЕУ, бидејќи е спроведена без учество на клучни чинители и без јавна дебата за новите решенија од Законот.

**Имајќи го предвид наведеното бараме од Владата на Република Северна Македонија:**

- Во согласност со член 29 и член 103 од Законот за Владата на РСМ, да побара укинување, односно поништување на Законот за ловство и дивеч поради неговата неусогласеност со Уставот на РСМ.

- Да определи рок за измена на спорниот пропис и на надлежниот министер да му предложи формирање на работна група во која ќе учествуваат претставници од другите надлежни министерства, националните паркови, граѓанските организации и другите засегнати чинители во јавен и транспарентен процес.

- **Јавно да се произнесе во врска со нашите наведени укажувања на Законот за ловство и дивеч.**

**Имајќи го предвид наведеното бараме од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:**

- Да го повлече новиот Закон за ловство и дивеч поради неговата спротивставеност со Уставот на РСМ и јавниот интерес за заштита на природата;

- Да постапи во согласност со член 21 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и да оформи работно тело со сите засегнати чинители за подготовка на измени на Законот за ловство и дивеч.

- Да постапи во согласност со Правилникот за организација на јавна консултација при започнување на легислативен процес на Владата на РСМ и да ги вклучи сите засегнати страни кои се релевантни за спроведување на легислативата (граѓански организации, експерти, академска заедница, практичари, медиуми).

- Да постапи во согласност со Методологија за проценка на влијанието на регулативата на Владата и да ги обезбеди сите релевантни информации за измените на законите преку ЕНЕР, точно да ги утврди влијанијата врз животната средина и да спроведе информирање, фокусирани трибини, јавни расправи и работилници со засегнатата јавност.

- Во новиот Закон за ловство и дивеч да го исфрли ловството како дејност во националните паркови и другите заштитени подрачја во согласност со нивната надлежност и заложбите за зачувување на биолошката разновидност на земјата.

- **Јавно да се произнесе во врска со нашите наведени укажувања на Законот за ловство и дивеч.**

**<u>Имајќи го предвид наведеното бараме од Министерството за животна средина и просторно планирање:</u>**

- Да постапи во согласност со член 103 од Законот за Владата и член 28 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и да побара поништување на Законот за ловство и дивеч поради неговата неусогласеност со Законот за заштита на природата.

- Да донесе одлука за забрана на лов во националните паркови и другите заштитени подрачја поради заложбите за зачувување и збогатување на биолошката разновидност на Република Северна Македонија.

- Да предложи нови законски решенија кои ќе бидат усогласени со Директивите за живеалишта и птици на ЕУ.

- **Јавно да се произнесе во врска со нашите наведени укажувања на Законот за ловство и дивеч.**

**<u>Од Делегацијата на Европската Унија бараме:</u>**

- Да ја испита постапката за донесување на Законот за ловство и дивеч и да утврди дали е следена постапката за усогласување со законодавството на ЕУ и за тоа да ја информира јавноста.

Се надеваме дека нашите укажувања за потребата да се приоритизира јавниот интерес како што е заштита на природата ќе бидат прифатени.

Со почит,

Ана Чоловиќ Лешоска
Извршна Директорка
Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“

*Копија е доставена и до Собранието на РСМ и Претседателот на РСМ*